

Ова е заклучок од истражувањето и мониторингот спроведени од страна на НВО„Инфо центар“ во рамките нс спроведувањето на проектот поддржан од Шведската Влада за развој на граѓанското општество и соработката со локалната самоуправа. Како што истакна Биљана Бејкова од невладината организација која го реализираше проектот, општина Неготино има добро ниво на транспарентност и отчетност со реални можности за нивно унапредување преку разни начини на подобрување на транспарентноста и вклучување на граѓаните во креирањето на локалните политики. Во извештајот беше нотирано дека општина Неготино е отворена за соработка со граѓаните и граѓанските организација, а една од формите за директен контакт со населението е реактивирање на месните заедници со цел за поблиска соработка со градоначалникот и локалната самоуправа. Во своето излагање градоначалникот на општина Неготино Тони Делков истакна дека редовно се одржуваат средби со граѓаните и дел од нивните предлози се вметнуваат во Програмите за работа на општина Неготино, граѓаните на веб-страницата во електронска форма можат да пријавуваат проблеми и секој раководител е должен да одговори, се прават напори населението поблиску да биде запознаено со ингеренциите на градоначалникот и локалната самоуправа, односно дека се работи и мора да се работи за уште подобро информирање на населението од нашата општина. Во таа насока, градоначалникот Делков најави дека во наредниот период ќе биде редизајнирана општинската веб страница.









МОНИТОРИНГ ИЗВЕШТАЈ

Вклучувањето на граѓаните и транспарентноста на Општина Неготино

Клучни наоди и препораки:

- Општината има добро ниво на транспарентност и отчетност, но таа треба и натаму да се унапредува.
- Интернет-страницата на општината е функционална и содржи солиден број документи за работата на локалната власт и за услугите што им ги нуди на граѓаните.
- Сепак, од дизајнерски и технички аспект, таа е застарена и не е лесно пребарлива. Оттаму потребно е нејзино редизајнирање, освежување и унапредување.
- Препорачуваме интернет-страницата поредовно да се ажурира со документите кои недостигаат, како на пример, буџетот за тековната година, како и да се објават тарифниците за услугите на општината.
- Добрата практика на консултирање и вклучување на граѓаните треба да се одржува и секако да се збогатува и интензивира со нови и различни содржини.
- И покрај нерешениот правен статус на месните заедници, општината треба да настојува тие да бидат активни и функционални.
- Овие напори општината треба да ги интензивира, па дури и да лобира за законски измени со кои ќе се унапреди статусот на месните заедници, како основа за комуникација и вклучување на граѓаните.
- Натамошното продлабочување на соработката на општината со граѓанските организации, исто така, ќе претставува дополнителен мотив и поттик за граѓаните да бидат проактивни и директно да учествуваат во развојот на локалната заедница.
- Препорачуваме општината да има јасна и транспарентна политика и процедури за финансиска поддршка на граѓанските организации. Таа поддршка треба да биде вградена во буџетот на општината и да биде на годишна основа.
- Препорачуваме општината да ги унапреди механизмите за мерење на задоволството на граѓаните.
- Добро е редовно или повремено да се спроведе анкета на интернет-страницата. Таа може во континуитет да се надополнува со различни прашања кои ќе дадат подетален увид во задоволството на граѓаните за определени услуги или политики на општинската власт.
- Препорачуваме општината да се стреми да одговара и постапува по пријавите на граѓаните не подолго од 48 часа.

Мониторингот го спроведе НВО Инфоцентар, во соработка со организацијата СПО КУЛ, во периодот мај – септември 2019 година, во рамки на проектот „Активни граѓани и партиципативна демократија на локално ниво“.

Овој извештај е дел од проектот Активни граѓани и партиципативна демократија на локално ниво“ финансиран од Меѓународниот центар Улоф Палме, поддржан од Шведската Влада. Содржината на извештајот е одговорност на НВО Инфоцентарот и не ги одразува ставовите на Меѓународниот центар Улоф Палме и на Шведската Влада.

OLOF PALME INTERNATIONAL CENTER

Шведска Sverige

НВО ИНФОЦЕНТАР